# С Л У Ж Б Е Н   Г Л А С Н И К
## НА ОПШТИНА КРУШЕВО

**09.07.2019 год.** **Бр.IX**


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 и член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002) и член 62 став 1 точка 3, член 68 и 97 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Градоначалникот на Општина Крушево донесе:

### З А К Л У Ч О К
***за објавување на актите донесени на 34-та седница на Советот на Општина Крушево одржана на ден 08.07.2019 год.***

1.**СЕ ОБЈАВУВААТ** актите донесени на 34-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 08.07.2019 година.

2.Актите на Советот на Општина Крушево да се објават во Службен гласник на Општина Крушево.

3. Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр. 09-810/1 од 09.07.2019 г. Крушево**
**Градоначалник на Општина Крушево**
**м-р Томе Христоски, с.р.**

Врз основа на член 94 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево“ бр. бр.1/2007 и 16/2014) и член 110 и 150 од Деловникот за работа на Советот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2008), Советот на Општина Крушево на 34-та седница, одржана на 08.07.2019 година го донесе следниот:

### З А К Л У Ч О К

**СЕ УСВОЈУВА** записникот од 33-та седница на Советот на Општина Крушево, одржана на 24.06.2019 година.

Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крушево, согласно член 62 став 4 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.Македонија” бр.5/2002).

**Бр.08-799/3 од 08.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на Р.М.” бр.5/2002), член 44 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственот и со стварите во општинска сопствевност („Сл.весник на Р.М.” бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија” бр.101/19) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево (“Сл.гласник на Општина Крушево” бр.1/2007, 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 08.07.2019 година, донесе:

### О Д Л У К А
***за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП „Комуна” Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се даваат движни ствари во сопственост на Општина Крушево на трајно користење без надомест на ЈП „Комуна” Крушево и тоа:

1. Товарно моторно возило камион марка Foton Aumark C, тип BJ 1099VEJEA-F3, боја Бела;

-број на шасија LVBV 4 JBB7JE005802, број на мотор 76437003, 3760 ЦЦМ, количина 1, инвентарен број 867.

2. Надградби за специјални комунални возила-ѓубретарки со капацитет 8м3.

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Крушево склучува договор со директорот на ЈП „Комуна” Крушево, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-799/4 од 08.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 44 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственот и со стварите во општинска сопстевност („Сл.весник на Р.М." бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 08.07.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП „Комуна" Крушево***

**Член 1**

Со оваа Одлука се даваат движни ствари во сопственост на Општина Крушево на трајно користење без надомест на ЈП „Комуна" Крушево и тоа:

1. Трактор Џон Дир 5045D 4WD со кабина, мотор дизел со водено ладење, зафатнина 2900 cm3, снага на мотор 45 HP (33 KW), пренос на сите тркала (4WD), со должина 3410 мм. ширина 1660-1810 мм, висина 2400 мм, тежина 2500 кг, количина 1 со инвентарен број 864.

2. Снежен плуг 2m UNI 200, предна даска за снег со работна ширина 200 cm, транспортна ширина 207 cm, висина 80 cm и радиус на вртење 32˚ количина 1 со инвентарен број 866.

3. Соларка влечена со работна ширина 100 cm, транспортна ширина 118 cm, работна брзина 15 km/h, со инвентарен број 865;

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Крушево склучува договор со директорот на ЈП „Комуна" Крушево, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-799/5 од 08.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 166з. од Законот за заштита на деца ("Сл.весник на Р.М." бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18 и 104/19), а во врска со одлуката на Владата на Република Северна Македонија за утврдување на максималниот износ на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорите на јавните установи за деца за 2019 година бр.45-4384/1 од 18.06.2019 година ("Сл.весник на РСМ" бр.126/2019) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 08.07.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево за 2019 година**

**Член 1**

Вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево, за периодот од 01.06.2019 година до 31.08.2019 година, изнесува 77,24 денари, а за периодот од 01.09.2019 година до 31.12.2019 година изнесува 81,10 денари.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево, а ќе се применува за пресметка на платата за месец јуни 2019 година.

**Бр.08-799/6 од 08.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на деца ("Сл.весник на Р.М." бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18 и 104/19) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 08.07.2019 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за давање Согласност на Правилникот за внатрешна организација на работни места во ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево**

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на Правилникот за внатрешна организација на работни места во ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево, бр.01-71/2 од 11.06.2019 година;

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-799/7 од 08.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 116 став 1 алинеја 8 од Законот за заштита на деца ("Сл.весник на Р.М." бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18 и 104/19) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 08.07.2019 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## за давање Согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево

1. Советот на Општина Крушево дава Согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево, бр.01-71/1 од 11.06.2019 година;

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-799/8 од 08.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 116 став 1 алинеја 2 од Законот за заштита на деца ("Сл.весник на Р.М." бр.23/13; 12/14; 44/14; 144/14; 10/15; 25/15; 150/15; 192/15; 27/16; 163/17; 21/18; 198/18 и 104/19) и член 21 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007; 16/2014 и 7/19), Советот на Општина Крушево, на седницата одржана на 08.07.2019 година, донесе:

## З А К Л У Ч О К
## за прифаќање на Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево за учебната 2018/2019 година

1. СЕ ПРИФАЌА Годишниот Извештај за работата на ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево за учебната 2018/2019 година, бр.01-80/1 од 11.06.2019 година;

2. Заклучокот влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-799/9 од 08.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 23 од Законот за угостителска дејност („Сл.весник на Р.М." бр.62/04; 89/08; 115/10; 53/11; 141/12; 164/13; 187/13; 166/14; 199/14; 129/15; 192/15; 39/16; 53/16 и 71/16), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на Р.М." бр.5/2002) и член 21 став 1 точка 50 од Статутот на Општина Крушево („Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/07; 16/2014 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 08.07.2019 година, донесе:

## О Д Л У К А
## за продолжување на работното време на угостителските објекти

**Член 1**

Со оваа Одлука се продолжува работното време, определено со Закон, на угостителските објекти на територијата на Општина Крушево.

**Член 2**

Работното време на угостителските објекти се продолжува за 2 (два) часа во рамките на Фестивалот „Крушево Будно 2019"што ќе се одржи на 26 и 27.07.2019 година.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.
**Бр.08-799/10 од 08.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 18 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственот и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на Р.М." бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 08.07.2019 година, донесе:

**О Д Л У К А**
***за давање на времено користење на недвижна ствар-Спортска сала***

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава недвижна ствар Спортска сала во Крушево сопственост на Општина Крушево на времено користење без надомест на Фудбалски Клуб „Питу Гули" Прилеп;

**Член 2**

Градоначалникот на Општина Крушево склучува договор со овластено лице од Фудбалски Клуб „Питу Гули" Прилеп, со кој се уредуваат правата и обврските за користење на Спортската сала во Крушево;

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот објавување во службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-799/11 од 08.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 и член 64 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р.М." бр.5/2002), член 3 став 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственот и со стварите во општинска сопственост („Сл.весник на Р.М." бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.101/19) и член 21 став 1 точка 38 од Статутот на Општина Крушево ("Сл.гласник на Општина Крушево" бр.1/2007, 16/14 и 7/19), Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 08.07.2019 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

1. Советот на Општина Крушево на седницата одржана на 08.07.2019 година, расправајќи по барањето од ФК „Питу Гули" Прилеп за времено користење на спортските терени на м.в. „Гумење" Крушево, е согласен да ги даде на времено користење спортските терени од како ќе заврши постапката за легализација на истите која е започната и ќе се изврши нивно запишување во сопственост на Општина Крушево.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Крушево.

**Бр.08-799/12 од 08.07.2019 година.**
**Претседател на Совет на Општина Крушево**
**Тома Петроски, с.р. Крушево.**

С О Д Р Ж И Н А

Ре.бр. стр.
1. Заклучок за објавување на актите од 34-та седница на Советот на Општина Крушево......... 1
2. Заклучок за усвојување на записникот од 33-та седница на Советот на Општина Крушево ………………………………………………… 1
3. Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП „Комуна" Крушево …….1
4. Одлука за давање на трајно користење на движни ствари на ЈП „Комуна" Крушево …… 2
5. Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на давателите на јавни услуги и на директорот на ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево за 2019 година ………………… 2
6. Заклучок за давање Согласност на Правилникот за внатрешена организација на работни места во ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево …………………………………..3
7. Заклучок за давање на Согласност на Правилникот за систематизација на работните места во ЈОУДГ „Гонча Туфа" Крушево ……. 3
8. Заклучок за прифаќање на Годишниот извештај за работата на ЈОУДГ "Гонча Туфа" Крушево за учебната 2018/2019 година ……….3
9. Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти ……………………3
10. Одлука за давање на времено користење на недвижна ствар Спортска сала ………………….4
11. Заклучок по барање на ФК „Питу Гули" Крушево ……………………………………….4

Редакциски одбор на Општина Крушево.